МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Број:11 – 297/2
Датум: 18.01.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 18.01.2022 година изврши увид на лице место на бул.“Партизански Одреди“ бр. Бб Г.П.2.343 3 03, по барање на Инвеститорот Орхан Туша – Раис Компани ДООЕЛ кој треба да изврши дислокација на фекална канализација врз основа на издадено Решение бр.1305-2074/2 од 02.06.2021 година од ЈП Водовод и канализација по бекатон коцки во должина од 58m, .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 8.213,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на дислокација на мрежата како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на цевката да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од тротоарската површина - патека од бекатон да се транспортира до депонија, дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на патеката.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

По завршување на сите градежни работи околу дислокацијата на фекалната канализација, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна подобрена состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Данче Поповска D.Popovska

Соња Крајничанец

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
***www.karpos.gov.mk***